**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 24.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1622 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", и тоа:

   - изданието бр.50 на магазинот „Мој дом" за пролет 2016 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 24 март 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 17.11.2015 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*. Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.49 на магазинот „Мој дом" за есен 2015 година, не ги објавил податоците за: адресата на уредништвото на издавачот на медиумот; името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото; датумот на печатење или препечатување; и бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1149 од 18.11.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом".

6. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор е констатирано дека Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во изданието бр.50 на магазинот „Мој дом" за пролет 2016 година **самo делумно постапило по Решението**, односно не ги објавило податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

7. **Опис на прекршувањето:**

Со надзорот на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост** обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи предвид дека Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во текот на 2016 година не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и согласно Упатството за оределување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***